# IMPROVING COMMUNICATION IN A MULTIETHNIC CLASSROOM THROUGH OUT-OF-SCHOOL ACTIVITIES WITH ETHNICALLY MIXED GROUPS OF ENGLISH LANGUAGE STUDENTS

**Marija Dulevska**
South East European University, Republic of North Macedonia, marijadulevskapp@gmail.com

**Abstract:** The concept of multiculturalism comprises numerous notions like nation, recognition, identity, rights, freedom and acknowledgment, but in its essence, it is a recognition of minority group rights within a broader society with a particular majority population. Multiculturalism can be viewed as both an ideology and a set of policies.

Understood as a policy, in most cases multiculturalism represents the State's attempts for a harmonious life and peaceful co-existence of diverse communities within a democratic and pluralist society.

As such, it denotes the conditions of the State and the relationships among ethnic minority groups.

At a more general level, multiculturalism, understood both as an ideology and as a practice, deals with identity politics and the politics of recognition. It comprises the concepts and phenomena of acceptance, co-existence, respect, acknowledgement, unity, awareness, mental reconstruction and transformation.

The Republic of North Macedonia is a multiethnic country. People should learn to respect each other and to develop the capacity to appreciate others regardless of their cultural background.

Communication at all levels is an imperative goal for all the participants in the process. However, these communication skills need to be initiated at an early age and introduced in the primary education of pupils.

The mutual collaboration between OOU Blaze Koneski - Prilep, with a predominantly Macedonian population, and Redze Rushit Zajazi Kicevo, with predominantly Albanian population, show the capacity for mixed groups of students to work together, to cooperate and communicate in constructive ways.

In addition to being direct and verbal, communication can also be spatial, visual and collaborative through movements and creations. Through mutual workshops and shared events of the learners, different mutual products were created as key results and outcomes of the collaboration.

Many students, under the influence of their parents and peers, unconsciously become judgmental and prejudiced. Through the workshops, students learned about the perils of discrimination, hence developing the skills preventing discrimination and learning to cooperate.

Modern education of the 9th grade includes interethnic education in the school curriculum. Communication needs to happen on all levels, among parents from both schools, among parents and teachers, and among teachers of students from both schools.

The results and the mutual products are to be prescribed in the next years' school Annual Plan and at a higher level, they can be included in the Bureau of Education's official curriculum documents for all the schools in the Republic of North Macedonia.

The key role of the Educational Inspectorate must not be neglected; they are official representatives who monitor the whole process and provide official remarks for improvement in the inspectorate reports every third year due to the Integral evaluation that each school is lawfully required to undergo.

Following the implementation of the joint plans, evidence and products are currently being collected in the form of records, reports, hours worked, videos and audio materials that are again submitted in the form of reports from the implemented interethnic activities to the relevant authorities.

The ultimate goal of this paper is to propose to the Ministry of Education and Science of the Republic of North Macedonia to become an integral part of the future curriculum and basic education program where teachers from different ethnic communities will jointly plan and submit joint curricula working with groups of students from different ethnic communities.

This thesis can serve as an example and a written Science working paper proof that such cooperation is a reality.

**Keywords:** ethnical, multiculturalism, mutual activities, religious diversity, coexistence and sustainability.

# ПОДОБРУВАЊЕ НА КОМУНИКАЦИЈАТА ВО МУЛТИЕТНИЧКА УЧИЛНИЦА ПРЕКУ ВОН-НАСТАВНИ УЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ СО ЕТНИЧКИ МЕШАНИ ГРУПИ НА УЧЕНИЦИ ПО АНГЛИСКИ ЈАЗИК

**Марија Дулевска**
Универзитет на Југоисточна Европа, Република С. Македонија, marijadulevskapp@gmail.com

**Апстракт:** Концептот на мултикултурализам опфаќа бројни поими како нација, признавање, идентитет, права, слобода и признание, но во својата суштина, тоа е признавање на правата на малцинските групи во рамките на поширокото општество со одредено мнозинско население.
Мултикултурализмот може да се смета како идеологија и збир на политики.
Разбрано како политика, во повеќето случаи мултикултурализмот претставува обиди на државата за хармоничен живот и мирен соживот на различни заедници во едно демократско и плуралистичко општество. Како таков, ги означува состојбите на државата и односите меѓу етничките малцински групи.
На поопшто ниво, мултикултурализмот, сфатен како идеологија и како практика, се занимава со идентитетска политика и политика на признавање.
Тој ги содржи концептите и феномените на прифаќање, соживот, почит, признание, единство, свесност, ментална реконструкција и трансформација.
Република Северна Македонија е мултиетничка земја.
Луѓето треба да научат да се почитуваат едни со други и да развиваат капацитет да ги ценат другите, без оглед на нивната културна позадина.
Комуникацијата на сите нивоа е императив за сите учесници во процесот.
Сепак, овие вештини за комуникација треба да се започнат во рана возраст и да се воведат во основното образование на учениците.
Меѓусебната соработка помеѓу ООУ Блаже Конески - Прилеп, со претежно македонско население, и Реџе Рушит Зајази Кичево, со претежно албанско население, покажуваат капацитет за мешани групи студенти да работат заедно, да соработуваат и да комуницираат на конструктивни начини.
Покрај тоа што е директна и вербална, комуникацијата може да биде и просторна, визуелна и соработка преку движења и креации. Преку меѓусебни работилници и споделени настани на учениците, беа создадени различни меѓусебни производи како клучни резултати и исходи од соработката.
Многу студенти, под влијание на нивните родители и врсници, несвесно развиваат предрасуди и негуваат стереотипи. Преку работилниците, студентите се запознаа со опасностите од дискриминација, со тоа развија вештини за спречување на дискриминација и учење за соработка.
Современото образование од 9-то одделение вклучува меѓуетничко образование во училишната програма. Комуникацијата треба да се случи на сите нивоа, меѓу родители од двете училишта, меѓу родители и наставници и меѓу наставниците од учениците од двете училишта.
Резултатите и меѓусебните производи треба да бидат пропишани на Годишниот план на училиштата во наредните години и на повисоко ниво, истите може да бидат вклучени во официјалните документи на наставната програма на Бирото за образование за сите училишта во Република Северна Македонија.
Клучната улога на Образовниот инспекторат не смее да се занемарува; тие се официјални претставници кои го следат целиот процес и даваат официјални забелешки за подобрување на извештаите од инспекторатот секоја трета година, како резултат на Интегралната проценка, според која секое училиште треба да помине по закон.
По спроведувањето на заедничките планови, доказите и производите во моментот се собираат во форма на записи, извештаи, работени часови, видеа и аудио материјали што повторно се доставуваат во форма на извештаи од спроведените меѓуетнички активности до надлежните органи.
Крајната цел на овој труд е да му предложи на Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија да стане составен дел од идната програма во основното образование каде наставниците од различни етнички заедници заеднички ќе планираат и доставуваат заеднички наставни програми кои работат со групи студенти од различни етнички заедници.
Оваа теза може да послужи како пример и писмен труд за наука со кој би се докажало дека таквата соработка е реалност.
**Клучни зборови:** етнички, мултикултурализам, меѓусебни активности, религиозна разновидност, соживот и одржливост.

## 1.ВОВЕД

Мултикултурализмот е широка и мошне актуелна тема низ Европа и светот и исто така е присутна во Македонија. Скоро и невозможно е да се помисли на концепт на етнички чисти држави затоа што во секоја држава има најмалку две различни култури, а во некои и повеќе. Заради соживот и одрживост целта на една држава треба да биде фокусирана кон тоа да се најде начин за развивање на концептот на прифаќање на различностите и почит кон другиот. Во случајот со Република Северна Македонија, прифаќањето на постоење на различни етнички групи со сопствени светогледи, јазик и култура треба да биде приоритет. Тоа исто така подразбира изнаоѓање на начини за намалување на предрасудите и стереотипите како и

континуирана и постојана реконструкција на менталниот склоп на индивидуата со оглед на тоа што во државата има различни народи со различна расна етничка и верска определеност.

## 2.ПРИНЦИПИ И ЧЕКОРИ ЗА УСПЕШНИ ПРОМЕНИ

Првиот чекор кон постигнување на овие цели е низ раните фази на образованието. Училиштата се клучот за имплементација на реконструкцијата на свеста на поединецот. Во докторскиот труд како примероци се земени две основни училишта, но истите тие се од различни етнички структури- ООУ Блаже Конески- Прилеп е чисто Македонско и Реџе Рушит Зајази, од с.Зајас, Кичевско- кадешто учениците и вработените се етнички Албанци- се партнер училишта по однос на имплементирање на меѓу-училишни етнички различни активности. Соработката на двете училишта е во согласност со Советот на општините на Прилеп и Кичево, со Бирото за развој на образованието, Државниот просветен инспекторат како и Министерството за образование и наука на Република МАкедонија како официјални надлежни институции.
Секое училиште во свои рамки поминува низ процес на интеретничка самоевалуација во рамките на кој се детектираат слабите страни и се изработува развоен план за нивно надминување како и кон изработка на нов развоен план. Сите документи кои училиштето ги изработува се усвојуваат од Училиштниот Одбор и се контролирани и верификувани од страна ана Државниот Просветен инспекторат.
Понатаму, секое училиште има свој тим на одговорни наставници т.н СИТ кој ја спроведува и координира цела постапка за меѓуетничка соработка меѓу двете училишта. Пред самата учебна година двете партнер училишта изработуваат план за заеднички меѓуетнички активности кои истите планираат да ги реализираат. Тој план, се презентира пред Советот на родители, пред училишниот одбор и се усвојува и понатаму таа станува составен дел од Годишната програма на училиштето која пак се усвојува на седница на Совет на двете општини. Со почетокот на учебната година планот за взаемните активности започнува да се реализира согласно зацртаните и постаени цели и самата динамика. На крајот од секоја учебна година се прави годишен извештај за реализираните активности како и за нереализираните и исто истите се презентираат на училиштен одбор и Советот на општините.

## 3. ЧЕКОРИТЕ НА УСПЕШНАТА ПРОМЕНА

3.1 ОДЛУКА НА УЧИЛИШТАТА ДА СЕ ВКЛУЧАТ ВО ПРОЦЕСОТ НА МЕЃУЕТНИЧКАТА ИНТЕГРАЦИЈА- двете етнички различни училишта донесуваат свои официјални одлуки поддржани од Советот на родители, Училиштните Одбори, Советите на општините, БРО и Државниот Просветен инспекторат да се вклучат во процесот на имплементирање на меѓуетнички активности меѓу две етнички различни училишта. За таа цел се врши и дисеминација на наставниците и родителите како и учениците за сите активности што ќе се преземаат во текот на тековната учебна година.
3.2 САМОЕВАЛВАЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО и ИЗРАБОТКА НА АКЦИОНЕН ПЛАН –(од аспект на меѓуетничката интеграција)- Секое училиште согласно одредени ставки пред почетокот на учебната година си врши своја самоевалвација за да ги утврди своите слаби страни и потоа врз основа на добиените резултати истото си прави и изработува АКЦИОНЕН ПЛАН на активности што планира да ги изведе низ учебната година. Акциониот план треба да е усвоен од Советот на родители, Училиштните Одбори, Советите на општините, БРО и Државниот Просветен инспекторат. Со тој годишен план се запознаваат наставниците и соодветно на динамиката заеднички ги изведуваат планираните активности.
3.3 СОЗДАВАЊЕ НА ТИМ НА ОДГОВОРНИ НАСТАВНИЦИ за РАБОТА СО ИМПЕЛЕМЕНТАЦИЈА НА МЕЃУЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ- Двете училишта секој во својот дел формира т.н СИТ- тоа е тим од одговорни наставници кои се задолжени за водење, коордниација, следење и вреднување на имплементацијата на меѓуетничките активности меѓу учениците и наставниците од двете училишта.
3.4 СПРОВЕДУВАЊЕ НА МЕЃУЕТНИЧКИТРЕ АКТИВНОСТИ МЕЃУ ДВЕТЕ УЧИЛИШТА-
По добиена согласност на претходно спроведена анкета на родители и ученици, наставниците од двете училишта започнуваат со реализација на меѓуетничките активности двајца наставници од својот предмет на претходно утврдена локација со групи на етнички мешани ученици. За секоја реализирана активност се ирзаботува годишен извештај на крајот од учебната година и повторно истиот се доставува со соодветните надлежни институции
3.5 ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ЗАВРШЕН НАСТАН – На крајот од секоја учебна година по преходен договор на наставниците и учениците се организира завршен настан на кој се поканувваат наставници, родители ученици, официјални претставници и се презентираат продуктите на сработеното. Пред почетокот на следна учебна година, се креира нов план за имплементација на меѓуетнички активности.

3.6 СЕРТИФИКАЦИЈА НА НАСТАВНИЦИ И СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ- Секој наставник или стручен соработник кој бил успешен во имплементацијата на меѓуетничките активности добива соодветен сертификат издаден од БРО и од Монистерството за образование и наука на Р.Македонија

3.7 ПРОМОЦИЈА НА УСПЕШНИ ИНОВАТИВНИ ПРАКТИКИ-

Наставниците кои подготвуваа иновативни практики ги следеа упатствата и препораките на Бирото за развој на образованието.

Видови активности за иновативни практики за меѓуетничка интеграција во образованието можат да бидат-

Независни мултикултурни активности-

Независните мултикултурни активности можат да се реализираат со ученици од ист наставен јазик, во рамките на редовните часови или како воннаставни активности.

Мултикултурните активности треба да вклучуваат мултикултурно учење кога учениците развиваат одредени аспекти и вредности за меѓуетничка интеграција.

1. Промовирање на мултикултурализмот
2. Унапредување на човековите права, демократија, социјална правда и еднаквост
3. Намалување на стереотипите, предрасудите и дискриминацијата
4. Решавање на конфликти

2. Заеднички активности

Заедничките активности можат да се реализираат со ученици од мешан етнички состав во повеќејазични училишта или помеѓу училишни партнери и истите можат да бидат во рамките на редовните часови или како воннаставни активности.

Заеднички активности може да бидат-

-проблематични / истражувачки / проектни задачи
-младински работилници
-активности на студентската заедница
-претставувачко-уметнички

Заедничките активности треба да бидат засновани на искуствено и заедничко учење кое дава можност да се постигнат образовни цели поврзани со меѓуетничка интеграција.

Преку искуство со директен контакт и интеракција, студентите учат да комуницираат и соработуваат едни со други, да градат меѓусебна доверба, да ги намалат предрасудите за другите и да стекнат вештини за живеење заедно во мултиетничка средина

**4. ЗАКЛУЧОК**

Концептот на мултикултурализам опфаќа бројни поими како нација, идентитет, права, слобода и признание, но во својата суштина тоа е признавање на правата на малцинските групи во рамките на поширокото општество со одредено мнозинско население.

Мултикултурализмот може да се смета како идеологија и збир на политики.

Разбрано како политика, во повеќето случаи мултикултурализмот претставува обиди на државата за хармоничен живот и мирно соживот на различни заедници во едно демократско и плуралистичко општество. Како таков, ги означува состојбите на државата и односите меѓу етничките малцински групи. На поопшто ниво, мултикултурализмот, сфатен како идеологија и како практика, се занимава со идентитетска политика и политика на признавање.

Ги опфаќа концептите и феномените на прифаќање, соживот, почит, признание, единство, свесност, ментална реконструкција и трансформација.

Јасно е дека Република Северна Македонија е мултикултурно општество соочено со бројни предизвици.

За да се движи во насока на продуктивно соживот, луѓето треба да ги намалат своите предрасуди и стереотипи.

Оваа суштетсвена промена на перспективите мора да започне рано, а основното образование може да игра клучна улога во креирањето на идните, интеркултурни надлежни граѓани.

Исто така, во светот и во Северна Македонија, јавните институции, како државните агенции, училиштата, колеџите и универзитетите, деновиве се екстремно изложени на многу критики, поради нивното непочитување и почитување на индивидуалните идентитети на граѓаните.

Ретко кое демократско општество денес или општеството е во процес на демократизација што нема значајни дебати за нејзините јавни институции и дали треба посоодветно да ги признаваат идентитетите на различните (честопати имигрантни) култури.

Исто така, прашањето за мултикултурализмот е сè уште многу чувствително во Република Северна Македонија и и натаму се потребни дополнителни истражувања и студии на случај кои ќе го отворат патот кон мирно прифаќање и соживот меѓу етничките групи.

**ЛИТЕРАТУРА**

Ајрулаи, А., Ангеловска, А., Тасевска, А., Палоши, А., Каравилоска, Д., Чонтева, Ж., Симјаноска-Атанасова, Ј.,Трпчевска, Л., Самарџиоска, Л., Тахир, Т., & Пискачева, А. (2016). Практикум за интегрирање на мултикултурно учење во наставата за основно и средно образование, Скопје.

Бауман, Г. (2009). "*Мултикултурна загатка- реобмислување на националниот, етничкиот и религиозниот идентитет*"—Издавачки центар Три.

Бешка Петроска, В., & Дедова, Р. (2016). Демократско учество на учениците во училиштето, Скопје

Пиштолов, М., Мојсоски, Н., Тахир, Т., & Салифоска, Ф. (2016). 40 меѓуетнички и забавни игри за интегрирање на децата и младите, Младински Центар за граѓанско образование, Скопје

Lenard, P.T. (2012). "*The reports of Multiculturalism's death are greatly exaggerated"*- Research article, University of Ottawa, Political Studies Association.

Loobuuyck, P., & Levrau, F. (2013)." Is *multiculutalism bad for social cohesion and redistribution*?" ,The political Quaterly, Vol.84, No.1 January- March

Luckenchuk, A. (2013). "*Paradigms of research for the 21st century-perspectives and examples from practice*"- Peter Lang Publishing, INC New York,USA.

Mojsoski, N. (2016). Through innovation to a better integration, Youth Cultural Center, Skopje.

Muhic, M. (2015). Power point presentation on Multiculturalism, SEEU, Tetovo.

Scavetta, R. (2013). "*In Macedonia, School Integration Seen as Tool for Peace*"- Frontline-online edition, Open Development/ Development & Defence**,** September/October